| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Будење на природата |
| **Содржина на денот** | Предвесник на пролетта |
| **Возраст** | 2-3години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Негување на хигиенските навики и редовно миење на рацете. |
| **Активности** | Преку разговор запознајте го детето со предвесникот на пролетта-кокиче, и воедно следете го преку електронските медиуми .Објаснете му иако е сеуште зима, кокичето е многу силно цвеќе и е прво кое се буди, и се појавува со топлите зраци од сонцето. Прошетајте во околината и побарајте во некој двор никнато кокиче,а ако не најдете побарајте во цвеќара или на пазар. На тој начин детето одблиску нека го набљудува и да ги именува деловите од кое е составено-латици,стебленце,капче и листови, и именувајте ги. Запрашајте го на што го потсеќа неговиот изглед и нека го помириса.<br>За подобро да се усвојат знењата за кокичето, предложете му на детето да играте една интересна игра. За оваа игра ќе ви биде потребно да направите делови на кокиче од колаж хартија. Детето нека се обиде од исечените делови да состави композиција –кокиче. Наградете го за успешно завршената работа. |